АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката
Бр. 02-2832/3
16-06-2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 24 став 1 алинеја 11 од Статутот на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (пречистен текст), а во врска со член 11 од Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во кои што Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции, односно удели (Сл.весник на РМ бр.49/97 и 6/02), Одлуката за издавање под закуп на деловни средства недвижен имот-деловен простор бр. 13-3669/1 од 07.04.2023 година од Комисијата за приватизација на Владата на Република Македонија и Јавниот повик за прибирање на понуди за издавање на деловен простор бр.1/2023, објавен на ден 10.05.2023 година во дневните весници „Вечер", „Слободен Печат" и „Коха", како и на Веб страната на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Генералниот директор на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје на ден 16.06.2023 година донесе

## ОДЛУКА

1. Јавниот повик за прибирање на понуди за издавање на деловен простор бр.1/2023, објавен на ден 10.05.2023 година во дневните весници „Вечер", „Слободен Печат" и „Коха", како и на Веб страната на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје се огласува за ништовен, поради неможност за извршување.
2. Одлуката да се објави дневните весници „Вечер", „Слободен Печат" и „Коха", како и на Веб страната на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.
3. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Согласно Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во кои што Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции, односно удели (Сл.весник на РМ бр.49/97 и 6/02), Комисијата за приватизација на Владата на Република Македонија донесе Одлука за издавање под закуп на деловни средства недвижен имот-деловен простор бр. 13-3669/1 од 07.04.2023 година, врз основа на која на ден 10.05.2023 година е објавен Јавен повик за прибирање на понуди за издавање на деловен простор под закуп бр.1/2023 во дневните весници Вечер, Слободен Печат и Коха, како и на Веб страната на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за деловните простории и тоа: објект бр. 1 и објект бр. 2 се наоѓаат на адреса ,,Град"- Дебар заведени во ИЛ 101107, КП 10328/1, КО Дебар 3.

Но, по истекот на рокот за прибирање на понудите од страна на службите на АДСДП-ПО Охрид добиена е информација со арх. бр.11-280/1 од 30.05.2023 година со која нè информираат дека при теренска контрола во повеќе наврати во деловните простории кои се предмет на издавање на јавниот повик затекнато е диво вселено лице.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

Со утврдениот факт за узурпирање на деловните простории кои се предмет на издавање во Јавниот повик бр.1/2023, од бесправно вселени лица оневозможена е реализација на истиот.

Со оглед на горенаведеното известување потребно е преземање на сите потребни правни дејствија против бесправните корисници и нивно иселување и испразнување на деловниот простор, со што би се отстраниле недостатоците и би се овозможило издавање на деловните простории под закуп согласно закон.

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволниот учесник на јавниот повик може да изјави жалба до Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавата на одлуката.

**Генерален директор**
**Зоран Ѓорѓијев**

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката
СКОПЈЕ